**Народна банка на Република Македонија**
**Дирекција за статистика**

Скопје, 30 септември 2016 година

## Соопштение за печат

## Позначајни движења во платниот биланс[1] во јули 2016 година

Во јули 2016 година во тековната сметка е остварен суфицит од 69,2 милиона евра, а во финансиската сметка се остварени позначајни нето-приливи од портфолио и директни инвестиции кои доведоа до висок раст на девизните резерви.

**Основни компоненти на платниот биланс на Република Македонија**
(во милиони евра)

| | VII-2016 | I-VII.2016 | месечна промена | | годишна промена | | кумулативна промена | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | милиони евра | % | милиони евра | % | милиони евра | % |
| **Тековна сметка** | **69.2** | **-140.2** | **97.1** | …* | **47.3** | …* | **-3.3** | 2.4 |
| Стоки | **-140.4** | **-1,055.1** | **16.2** | -10.3 | **32.5** | -18.8 | **-14.5** | 1.4 |
| Услуги | **68.9** | **258.8** | **47.4** | …* | **19.5** | 39.5 | **48.0** | 22.8 |
| Примарен доход | **-24.4** | **-171.7** | **-0.5** | 2.3 | **-1.4** | 6.1 | **-5.1** | 3.1 |
| Секундарен доход | **165.1** | **827.7** | **34.1** | 26.1 | **-3.4** | -2.0 | **-31.6** | -3.7 |
| **Капитална сметка** | **0.2** | **5.2** | **0.2** | | **-1.5** | | **0.6** | |
| **Финансиска сметка** | **68.6** | **-149.9** | **90.0** | | **34.7** | | **-36.9** | |
| Директни инвестиции | **-25.2** | **-155.8** | **-45.4** | | **-32.0** | | **-23.2** | |
| Портфолио инвестиции | **-424.3** | **-423.7** | **-417.7** | | **-444.6** | | **-437.5** | |
| Валути и депозити | **52.2** | **158.1** | **61.0** | | **7.6** | | **-22.3** | |
| Заеми | **13.2** | **-75.8** | **29.9** | | **15.9** | | **-202.9** | |
| Трговски кредити | **19.8** | **33.8** | **4.5** | | **6.5** | | **58.5** | |
| Девизни резерви | **432.9** | **313.5** | **457.7** | | **481.2** | | **590.6** | |

…* Процентот е над 100.
Напомена: Во финансиската сметка знакот (-) означува нето-приливи од странство, со исклучок на девизните резерви каде што означува нето-одливи.
Извор: НБРМ.

## *Тековна сметка*

Тековните трансакции со нерезиденти во јули 2016 година доведоа до суфицит од 69,2 милиона евра, во услови кога суфицитите остварени кај секундарниот доход и услугите (165,1 милион евра и 68,9 милиони евра, соодветно) ги надминуваат негативните салда остварени во размената на стоки и кај примарниот доход (140,4 милиони евра и 24,4 милиони евра, соодветно).

На месечна основа, салдото на тековната сметка е подобрено за 97,1 милион евра, како резултат на зголемените суфицити кај размената на услуги (за 47,4 милиони евра) и кај

[1] Платниот биланс претставува статистички извештај којшто систематски ги сумира сите економски трансакции на Република Македонија со странство за определен временски период, односно ги сумира тековните, капиталните и финансиските трансакции помеѓу резидентите и нерезидентите.

секундарниот доход (за 34,1 милион евра), како и намалениот дефицит во стоковната размена (16,2 милиона евра).

На збирна основа, дефицитот во тековната сметка изнесува 140,2 милиона евра. Негативното салдо на тековната сметка за периодот јануари - јули 2016 година го надминува дефицитот споредено со истиот период од 2015 година за 3,3 милиони евра (2,4%). Притоа, гледано по одделни компоненти, остварувањата се резултат на зголемениот суфицит во размената на услугите (за 48 милиони евра), наспроти пониските нето-приливи кај секундарниот доход (за 31,6 милиони евра) и повисокиот дефицит во размената на стоки (за 14,5 милиони евра) и кај примарниот доход (за 5,1 милион евра).







Извор: НБРМ.

## *Финансиска сметка*

Во финансиската сметка, во јули се остварени високи нето-приливи од портфолио-инвестиции (424,3 милиони евра[2]) и директни инвестиции (25,2 милиона евра), а нето-одливи врз основа на валути и депозити (52,2 милиона евра), трговски кредити (19,8 милиони евра) и заеми (13,2 милиона евра). Повисоките приливи од одливи доведоа до раст на девизните резерви од 432,9 милиони евра.

Врз основа на директните инвестиции, нето, во јули се регистрирани приливи од 25,2 милиона евра. Во периодот јануари - јули, врз оваа основа се евидентирани приливи од 155,8 милиони евра, коишто ги надминуваат приливите остварени во истиот период минатата година за 23,2 милиона евра.

Кај обврските врз основа на директни инвестиции[3] во јули се регистрирани нето-приливи од 21 милион евра. Притоа, зголемени се обврските врз основа на должничките инструменти (20,3 милиони евра) и сопственичкиот капитал (9,8 милиони евра), додека

[2] Со вклучени приливи од петтата емисија на еврообврзници.

[3] Се прикажуваат директните инвестиции во зависност од тоа дали финансиските трансакции создаваат обврска кон или побарување (средства) од странство.

реинвестираната добивка е негативна (9,1 милион евра) и делува во спротивна насока (поради исплати на дивиденди во износ од 31,6 милиони евра во текот на јули). Збирно, обврските се зголемени за 66,9 милиони евра во однос на истиот период од минатата година.

Кај средствата од директни инвестиции, во јули бележиме нето-приливи од 4,2 милиона евра. Притоа, се намалуваат средствата врз основа на должничките инструменти (8,8 милиони евра), што делумно се неутрализира со растот на средствата од вложувања во сопственички капитал (4 милиони евра). На збирна основа, средствата се зголемени за 43,6 милиони евра во однос на истиот период 2015 година.

Од почетокот на годината, заклучно со јули, врз основа на финансиски трансакции се забележани нето-приливи од портфолио-инвестиции, директни-инвестиции и заеми, кои ги надминуваат нето-одливите кај валутите и депозитите и трговските кредити. Повисоките нето-приливи овозможија финансирање на дефицитот во тековната сметка (140,2 милиона евра) и дополнително акумулирање во девизните резерви (за 313,5 милиони евра).







Извор: НБРМ.

## ***Ревизии на податоци***

Податоците за платниот биланс во ова соопштение содржат редовни ревизии на податоците за периодот јануари - јуни 2016 година, како и редовна годишна ревизија на податоците за 2014 и 2015 година.

По извршената ревизија за 2015 година, дефицитот на **тековната сметка** изнесува 187 милиони евра, со што индикаторот салдо на тековната сметка во однос на БДП се зголеми од 1,4% на 2,1%. **Директните инвестиции во земјата**, како позначаен инструмент за финансирање, бележат зголемување за 59,7 милиони евра и изнесуваат 216,7 милиони евра. Со ова нивното учество во БДП се зголеми од 1,7% на 2,4%.

По ревизијата, дефицитот на **тековната сметка** за 2014 година изнесува 43,2 милиона евра (намалување за 25,5 милиони евра). Ова делуваше со мала надолна промена и кај индикаторот салдо на тековната сметка во однос на БДП, од 0,8% на 0,5% по ревизијата.

***Придружни информации***

Временски серии податоци: годишни, квартални и месечни податоци за платниот биланс:
http://www.nbrm.mk/?ItemID=5ED8DADBAEF3C947A047BBAA641BBD7D

Методолошки појаснувања:
http://www.nbrm.mk/?ItemID=5ED8DADBAEF3C947A047BBAA641BBD7D

Следни објавувања: Календар на објавување податоци
http://nbrm.mk/?ItemID=7B1CC2F73E9A3641B2F05235A02C8BDC

Месечен платен биланс: 31 октомври 2016 (референтен пресек заклучно со август 2016 година).

За новинарски прашања, ве молиме контактирајте со лицата од Кабинетот на гувернерот.

За подетални информации во врска со објавените статистички податоци, побарајте нè на: contact.statistika@nbrm.mk или на телефонскиот број 02 3215 181 локал 103 (или 110/108).